Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-492/3
01-11-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 492/1 од 12.09.2023 година, поднесена од [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија" бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-492/1 од 12.09.2023 година од [redacted] од Скопје **поради неуредност**.

### О б р а з л о ж е н и е

[redacted] со адреса на [redacted], Скопје, на 12.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави претставка за заштита од дискриминација заведена под бр. 08-492/1, против детска градинка „Срничка".

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не содржеше јасно наведени факти и околности врз кои се темели претставката и не содржеше адреса за контакт на лицето против кое се поднесува претставката, Комисијата согласно член 24 став 2 од истиот Закон, на 18.09.2023 година до подносителката достави Барање бр. 08-492/2 за доуредување на претставката. Со барањето подносителката беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето, да ја доуреди претставката, со тоа што ќе ги наведе потребните податоци.

Подносителката во предвидениот рок не ја доуреди претставката.

Од горенаведените причини се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*

- [redacted]
- *Архива на Комсијата*